Република Македонија
Одбор за акредитација и евалуација
на високото образование
Бр. 12-39/3
05.04.2013 год.

Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Филолошки факултет "Блаже Конески"
Бр. 02-1025/22
22.04.2013 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10, 51/11, 17/11, 123/12, 15/13 и 24/13). Одборот за акредитација и евалуација на 18. седница одржана на 26.03.2013 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за усогласување и акредитација на студиските програми на Филолошкиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје**

1. Се акредитираат усогласените студиски програми со Законот за високото образование од прв циклус студии на Филолошки факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и тоа:

    1. Македонски јазик и книжевност, 1 циклус четиригодишни студии
    2. Српски јазик и книжевност, 1 циклус четиригодишни студии
    3. Словеначки јазик и книжевност, 1 циклус четиригодишни студии
    4. Македонска книжевност и јужнословенски книжевности, 1 циклус четиригодишни студии
    5. Албански јазик и книжевност, 1 циклус четиригодишни студии
    6. Турски јазики книжевност, 1 циклус четиригодишни студии
    7. Француски јазик и книжевност, 1 циклус четиригодишни студии
    8. Романски јазик и книжевност, 1 циклус, четиригодишни студии
    9. Руски јазик и книжевност, 1 циклус четиригодишни студии
    10. Чешки јазик и книжевност, 1 циклус четиригодишни студии
    11. Полски јазик и книжевност, 1 циклус четиригодишни студии
    12. Германски јазик и книжевност, 1 циклус четиригодишни студии
    13. Англиски јазик и книжевност, 1 циклус, четиригодишни студии
    14. Општа и компаративна книжевност, 1 циклус четиригодишни студии
    15. Преведување и толкување, 1 циклус четиригодишни студии
    16. Италијански јазик и книжевност, 1 циклус четиригодишни студии

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Филолошкиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, по претходно донесените одлука на Наставно научниот совет за давање согласност за измени и дополнувања на студиските програми согласно измените од Законот за високото образование, како и одлуката за усвојување на студиските програми од Универзитетски сенат, достави елаборати до Одборот за акредитација и евалуација на 25.02.2013 година.

Одборот за акредитација и евалуација на својата 17. седница одржана на 26.02.2013 година, формира експертски комисии и врз основа на доставените елаборати и извештаи на експертските комисии на 18. седница одржана на 26.03.2013 година одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование
Проф. д-р Михаил Петковски